#купувајтемакедонскипроизводи

# Чадиковски е против „новинарски туризам“ на државна сметка

МАКЕДОНИЈА 25.05.2022 / 12:16



Ние сме против тоа приватни медиуми да се носат на настани на државна сметка, вели за Плусинфо, претседателот на Здружението на новинарите во Македонија (ЗНМ), Младен Чадиковски.

Откако во јавноста беше обелоденето дека на меѓувладината седница во Софија, сметката за пат и за сместување на 34 новинари, сниматели и фоторепортери ја платила Владата на Република Македонија, Чадиковски е дециден дека тоа не смее да се повтори.

ЗНМ.

Што се однесува до патувањето во Рим каде премиерот Димитар Ковачевски чествуваше на гробот на Св. Кирил и Методиј, за што покана добија само одредени медиуми, Чадиковски вели дека тоа е очигледен пример на фаворизирање.

> **– Што се однесува до Рим, тука имаме случај на фаворизирање на медиуми. Сепак, ставот на ЗНМ е дека не смее да се носат новинари од приватни медиуми на државна сметка – додава тој.**

Like 5

Republika.mk - содржините, графичките и техничките решенија се заштитени со издавачки и авторски права (copyright). Крадењето на авторски текстови е казниво со закон. Дозволено е делумно превземање на авторски содржини (текст и фотографии) со ставање хиперлинк до содржината што се цитира.

# МЛАДЕН ЧАДИКОВСКИ # ЗНМ

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

МАКЕДОНИЈА / 03.06.2022
Конкурс на ЗНМ за новинарски стории на тема „Нелегална трговија со режан тутун“

МАКЕДОНИЈА / 30.03.2022
ЗНМ: Уште една отфрлена тужба на Левица кон новинари

ЦРНА ХРОНИКА / 16.02.2022
Новинар и снимател се нападнати со секира ЗНМ бара итна реакција од МВР